**20260110183**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2026 година.

Бр. 08-454/1
21 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за регистар на задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 209/23), во член 4 во точката 10. зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“, зборовите: „Министерството за култура“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам“, зборовите: „Агенцијата за млади и спорт“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за спорт“, а зборот „односно“ се брише.

Во точката 11. зборовите: „Министерството за правда - Управа за водење на матични книги“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матичните книги“, а зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

„(1) Директорот на Управата е должен до министерот за социјална политика, демографија и млади да достави на одобрување годишен план за работа на Управата, најдоцна до 1 декември во тековната за наредната година, полугодишен извештај за работата на Управата, најдоцна до 31 јули и годишен извештај за работата на Управата, најдоцна до 31 јануари за претходната година.

(2) Министерството за социјална политика, демографија и млади, годишниот извештај за работата на Управата од ставот (1) на овој член, по неговото одобрување, го доставува за разгледување и усвојување до Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 3

Во член 11 во ставот (1) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 4

Во член 13 став (5) во точката 5. по зборовите: „најмалку ниво Б2 (В2)“ се додаваат зборовите: „или поседува сертификат, уверение или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (В2), од Европската референтна рамка на јазици, издадени од установа или институција во државата или во странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Член 5

Во член 15 став (1) по точката 5. сврзникот „или“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 6, точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По точката 6. се додава нова точка 7., која гласи:

„7. ако не е усвоен полугодишниот или годишниот извештај за работата на Управата поради нереализирани цели утврдени во годишниот план за работа од членот 10 став (1) од овој закон.“.

Член 6

Во член 19 ставот (2) се менува и гласи:

„Содржината на РЗСО, на предлог на директорот на Управата, поблиску ја пропишува министерот.“.

Член 7

Во член 20 ставот (3) се менува и гласи:

„Регистрација, односно пријава, промена и одјава на субјект кој учествува во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО врши регистрационен агент, сам за себе или врз основа на добиено полномошно од физичкото, односно правното лице во чие име и за чија сметка ја врши регистрацијата, согласно со членот 22 од овој закон.“.

Член 8

Во член 21 ставот (10) се менува и гласи:

„Содржината на обрасците за регистрација, структурата на единствениот регистарски број, како и техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО, поблиску ги пропишува министерот.“.

Член 9

Во член 22 став (1) во точката 3. по кратенката „РЗСО“ се додаваат зборовите: „врз основа на добиено полномошно од физичкото, односно правното лице, во чие име и за чија сметка ја врши регистрацијата“.

Ставовите (7) и (8) се бришат.

Ставот (9) станува став (7).

Член 10

Во член 23 во ставот (1) во воведната реченица зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во точката 12. зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за култура“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Министерството за спорт е регистрационен агент за врвен спортист кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Министерството за спорт.“.

Член 11

Во член 24 став (1) во точката 6. по зборот „управник“ се додаваат зборовите: „за обврзник за плаќање вработен кај должникот кого го застапува и претставува, согласно со закон“.

Точката 7. се менува и гласи:

„вработен во приватна агенција за вработување, која во согласност со закон врши привремени вработувања и/или посредување за вработување со наплата;“.

Во ставот (2) зборовите: „кој настапува за спортски клуб и учествува во систем на натпревари“ се заменуваат со зборовите: „согласно со закон“.

Член 12

Во член 25 став (1) во точката 2. по зборовите: „работен однос или“ се додава зборот „во“, зборот „ако“ се заменува со зборот „доколку“ и по зборот „Македонија“ запирката и зборот „доколку“ се бришат.

Во ставот (2) точката 8. се менува и гласи:

„на спортски настани како спортисти аматери во согласност со Законот за спортот и“.

Член 13

Во член 27 став (1) во точката 1. Зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Во точката 4. зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Секоја институција надлежна за задолжителното социјално осигурување и друга институција вклучена во системот на задолжителното социјално осигурување ги разменува со РЗСО само оние податоци од членот 19 од овој закон, за кои е изворник на податоци.“.

Ставот (4) станува став (5).

Ставот (5), кој станува став (6), се менува и гласи:

„(6) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците во РЗСО со податоците од другите институции кои се изворници на тие податоци, податоците автоматски се ажурираат во РЗСО.“.

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците содржани во другите институции или субјекти, а изворник за тие податоци е РЗСО, се генерира известување до другата институција или субјект за потребата од ажурирање на податоците.“.

Ставовите (7) и (8) стануваат ставови (8) и (9).

Член 14

Во член 28 во ставот (2) сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборот „труд“ се додаваат зборовите: „или на друг надлежен инспекциски орган“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Техничка грешка при внесување податоци во РЗСО може да се промени без судска одлука, акт на Државниот инспекторат за труд или на друг надлежен инспекциски орган, најдоцна осум дена од денот на внесувањето на податоците за пријава или одјава во задолжително социјално осигурување.“.

Во ставот (7) по зборот „РЗСО,“ се додаваат зборовите: „како и определувањето на видовите технички грешки при внесување податоци во РЗСО од ставот (3) на овој член,“.

Член 15

Во член 33 во ставот (1) по точката се додава втора реченица, која гласи: „Осигуреникот има право и да биде известен за извршена промена на неговите податоци во РЗСО,“.

Во ставот (3) по зборот „барање“ се става запирка и се додаваат зборовите: „лично или“.

Член 16

Во член 34 во ставот (1) по зборот „пат,“ се додаваат зборовите „лично или“.

Член 17

Во член 35 став (1) во точката 8. зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Работното тело од ставот (1) на овој член, ги врши следниве работи:

1. го следи дизајнирањето, имплементацијата и континуираната оптимизација на РЗСО;

2. дава предлози за промени и подобрување на процесите и функционалностите на РЗСО до Управата и другите надлежни институции;

3. го следи процесот на генерирање и прочистување на податоците;

4. ги следи промените на регулативата и другите акти поврзани со работата на РЗСО и учествува во подготовката на предлози за промена на регулативата и другите акти;

5. учествува во креирање на деловните процеси за имплементација на регулативата и

6. врши други стручни активности поврзани со функционирањето на РЗСО.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Министерот во Работното тело може да ангажира и други лица за обезбедување поддршка во вршењето на работите на Работното тело утврдени во ставот (2) на овој член.“.

Во ставот (7) зборовите: „го надмине износот од една половина“ се заменуваат со зборовите: „изнесува повеќе од 20%“.

Член 18

Во член 38 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон вршат Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат, секој во рамките на надлежноста утврдена во членот 39 од овој закон.“.

Член 19

Членот 39 се менува и гласи:

„(1) Инспекцискиот надзор од членот 38 став (1) од овој закон, кој го спроведува Државниот инспекторат за труд опфаќа надзор над субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во врска со пријавата и одјавата во задолжителното социјално осигурување на работниците и други лица согласно со прописите од областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа.

(2) Инспекцискиот надзор од членот 38 став (1) од овој закон, кој го спроведува Државниот управен инспекторат, опфаќа надзор над навременото, економичното и ефикасното остварување на правото на увид на граѓаните и другите субјекти кои учествуваат во задолжителното социјално осигурување на своите податоци содржани во РЗСО.“.

Член 20

Членот 40 се менува и гласи:

„При вршење на инспекцискиот надзор од членот 38 став (1) од овој закон, инспекторите изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор.“.

Член 21

Членот 41 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во врска со пријавата и одјавата во задолжителното социјално осигурување на работниците и други лица согласно со прописите од областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа, ако не ги чуваат податоците поврзани со системот на задолжително социјално осигурување (член 29 став (3)).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на Управата ако не го одржува РЗСО (член 31 став (2)).

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако не ги воспостави и не ги одржува единствените техничко – технолошки стандарди и процеси за пристап до РЗСО (член 31 став (3)).

(4) Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не ги воспостави и не ги одржува единствените техничко – технолошки стандарди и процеси за пристап до РЗСО (член 31 став (3)).“.

Член 22

Заради воспоставување на РЗСО, институциите надлежни за задолжителното социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжителното социјално осигурување кои не ги доставиле своите бази на податоци до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да ги достават податоците од своите бази на податоци до Министерството во електронска и криптирана форма, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Министерството за доставување на податоците.

Член 23

Низ целиот текст на законот зборовите: „единствен матичен број на граѓанинот“ се заменуваат со зборовите: „матичен број на граѓанинот“, а кратенката „(ЕМБГ)“ се заменува со кратенката „(МБГ)“.

Член 24

Одредбата од членот 17 од овој закон, со која се менува членот 35 став (7) од Законот за регистар на задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 209/23), ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.